# ЕНЕРГИЈА И ЗДРАВЈЕ

## ИНФОРМАЦИЈАТА Е ЕНЕРГИЈА

### НЕГАТИВНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ГЕНЕРИРААТ НЕГАТИВНО КОЛЕКТИВНО ЕНЕРГЕТСКО ПОЛЕ

**д-р Радмила Кавај**

Секојдневното бомбардирање со информации и впечатоци ствараат проблем во нашата перцепција (восприемање, анализирање, толкување) која доведува до стресни ситуации.
Преголемиот доток на инфоенергија, претставува доминантна причина за распаѓање на нашиот ментаален состав и влез во законот на ентропија.
Ентропија е степен на неуреденост или хаос на некој состав; поголема ентропија поголем неред и обратно.
Негативните информации ствараат енергетски вртлог, кој преку активирање на стресот и ирационалниот страв го руши здравјето.
Сознанијата за случувањата во нашиот ум кој е изложен на стрес го доведоа Белгијанецот од Руско потекло Illya-е Prigogine до Нобелова награда во 1977 год.
Од секојдневното бомбардирање со информации и разните впечатоци, човековиот организам со својот био компјутер како отворен систем во одбрана од стресните ситуации реагира на 3 начини:

**1. го блокираме дотокот на информација, се затвараме сами во себе-депресија,**

**2. ја зголемуваме големината на своите активности поради вишокот на добиени активности-спортски активности, многу време пред тв екранот, емотивни празнења како кај навивачите на натпреварите, опивање, свртување на вниманиете према други содржини,**

**3. ја реорганизираме својата ментална структура и со тоа го подигаме нивото на издржливост за голема количина на влезна енергија.**

Преку поткревање на прагот на издржливост за големо количество на влезна инфоенергија „редот, настанува на раст на нередот, односно растот на ентропијата или хаосот"– Prigogine.
Подигање на прагот на осетливост на стрес и подобро поврзување на двете половини на мозокот во една функционална целина, не оспособува за несметан прием на голем проток на енергетски информации.
Програмот врзан за неуротехнологија ги смирува мозочните фрекфенции и го доведува мозокот од бета во алфа, тета и конечно делта состојба на мозочните активности.

**- Бета фреквенции-12 до 50 очукувања во секунда (12-50 хз)...Будна состојба**

**- Алфа фрекфенции-8-12хз ...Длабока опуштеност, состојба пред сон**

**- Тета фреквенции-4-8хз...Медитативна состојба, сонување**

**- Делта фреквенции-1-4хз...Длабока медитација, спиење без сон**

Стресот кој го зголемува нивото на стресните хормони, (адреналин, кортизол) е штетен фактор за функционирање на мозокот и е во корелација со ирационалниот страв како доминантно негативна емоција.
Емоцијата е реакција на организмот со цел да се адаптира на новонастанатата состојба, предизвикан од стимулансите.
Реагирање на субјектот на ситуациите или стимулансите претставува процес, кој е составен од следните важни елементи:

**1. Регистрирање на надворешните промени (перцепции)**

**2. Значење кое им се препишува (аперцепција)**

**3. Одредување на вредностите на надворешните промени (валоризација)**

Процесот на реакција е во функционална врска со критериумите, врз основа на кои субјектот го проценува значењето и вредноста на стимулансот.
Системот на правила, кодови и вредности со кој субјектот се служи за да ги дешифрира стимулансите од надворешниот свет, претставува референтна рамка.

**Значи, менталната престава на стимуланската ситуација е примарна во настанување на секоја емоција.**
Најновите психолошки истражувања потврдуваат дека не е потребно субјектот да се најде во стимулирана ситуација за да се соочи со емоцијата.
Доволно е да си претстави ситуација преку сеќавање или низ процес на имагинација, па да реагира со емоција (чувствување)
Стравот е осет, кој субјектот го чувствува, кога проценува дека е загрозена некоја негова вредност и дека не може соодветно да се спротистави на таквата ситуација.
Рационалниот страв во еволутивна смисла допринесува за преживување и самозаштита на индивидуата, како и заштитата на нејзините вредности.
За да може преку комуникација да се промовира системот на човечност неопходно е да се познава процесот на настанување и разрешување на ирационалниот страв.

**Таквиот страв чија логика не е разбирлива се вика ирационален страв.**

Секој страв ја мотивира особата да се тргне од ситуацијата која се проценува како опасна.
Преку своите фантазии, произлезени од референтната рамка, си наметнува ирационални стравови.
Надминување на ирационалните стравови, предизвикува однесување, кое тежи кон адаптација.
Таквата адаптација води кон пасивност.
Така настанува затворениот круг на: „верување–проценка на верувањето,кое само за себе се поткрепува, зацврстува и го прави ригидно„ Зоран Миливојевиќ.
Ирационалниот страв не дозволува совладување на објективната околност. Ако се земе во предвид дека надворешните услови не предизвикуваат проблеми за појава на разорната негативна емоција, ирационалниот страв, туку нашите мисли, тогаш дали постои можност за надминување на таа емоција?

ДА!

Природата не надарила со можноста да бидеме господари на своите мисли, а мислите создаваат емоции. Емоциите го детерминираат нашиот дух.
Мислите и емоциите како психолошка енергија управуваат со нашата судбина во светот на дуалноста.

Стравот е состојба на свеста која може да се контролира и насочува преку духовната енергија.

Завршувајќи го овој напис сакам да ве информирам дека среќата како природна состојба не зависи од надворешното опкружување.Свртувајќи се во себе преку смирување на мозочните фрекфенции ги активираме позитивните мисли, меморирани настани, со што го активираме лачењето на ендорфинот, како хормон на среќа, со сите блажени чувства на здрава особа, полна со енергија и љубов.
Надминувајќи го стресот и ирационалниот страв како реакција на негативниот енергетски вртлог, се воспоставува хомеостаза во организмот и адреналинско-сератонинска равнотежа.
Природното лачење на сератонинот кој зависи од аминокиселината триптофан, витамините Б3 И Б6, минералот Цинк, се одвива несметано, бидејќи губитокот на биолошката енергија предизвикан од стресот е елиминиран.
Тогаш енергетските фрекфенции на нашиот организам се зголемуваат и телото зрачи здравје како природна состојба.

"ЗДРАВИОТ ЧОВЕК ИМА ИЛЈАДА ЖЕЛБИ, А БОЛНИОТ САМО ЕДНА"

**Д-р. Радмила Кавај**

**Д-р. Радмила Кавај**
**Центар за здравје**
**АЛОЕ ВЕРА**
**Трговски Центар АМАМ,**
**2 кат, Охрид**
**Тел. 046/ 263-257; 075/ 611-345**